# ПРЕГЛЕД НА НАБЉУДУВАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Во периодот од **март 2018** до **јуни 2018** година набљудувани се **64 СУДСКИ ПРЕДМЕТИ** за **семејно насилство**, односно **123 СУДСКИ РОЧИШТА** во следните судови:
Основен суд Скопје 1, Основен суд Скопје 2, Основен суд Битола, Основен суд Куманово, Основен суд Велес, Основен суд Радовиш, Основен суд Тетово, Основен суд Прилеп, Основен суд Струга.

## МОНИТОРИРАНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Набљудувани се вкупно **57** **кривични судски предмети,** односно **109** **судски рочишта за кривични дела сторени како резултат на семејно насилство.**

## КРИВИЧНИТЕ СУДСКИ ПОСТАПКИ СЕ ВОДЕЛЕ ЗА СТОРЕНО ФИЗИЧКО И ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО ЗА СЛЕДНИТЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА:

- **5** УБИСТВА како резултат на семејно насилство
- **33** ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ
- **14** ЗАГРОЗУВАЊА НА СИГУРНОСТА
- **5** ТЕШКИ ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ

Во периодот на судско набљудување донесени се вкупно **17 пресуди.**

**за 11 предмети** се изречени условни осуди

**во само 3 предмети** се изречени предвидените затворски казни

**во 2 предмета** е донесена ослободителна пресуда (со мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода во едниот предмет)

**во 1 предмет** е изречена одбивателна пресуда

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# МОНИТОРИРАНИ ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Набљудувани се **7** **граѓански судски постапки,** или **14** **судски рочишта за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.**

Подносител на предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита биле **Центарот за социјална работа (4 случаи), брачен другар, родител и друг член на семејството.**

**Во периодот на судско набљудување биле донесени 5 судски одлуки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.**

Во 3 случаи **предлогот бил усвоен во целост од страна на судот,** додека

во 2 случаи **предложените мерки за заштита биле делумно усвоени.**

## Следните привремени мерки за заштита биле изречени од страна на судиите за заштита на жртвите на семејно насилство, најчесто во времетраење од 3 до 6 месеци:

- задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко
- забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
- забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
- задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
- забрана да малтретира, вознемирува,, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
- судиите изрекле и други мерки кои ги сметале за неопходни за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

Оваа студија е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Содржината е одговорност на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ работи на реализација на двегодишниот проект „Патот до правда за жени кои претрпеле семејно насилство", финансиски поддржан од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави - УСАИД, во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Процесот на судско набљудување на судски предмети за семејно насилство се спроведува во соработка со Коалиција Сите за правично судење.

Оваа активност е дел од Неделата на граѓански организации поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество - серија од настани кои ја промовираат работата на граѓанските организации пред пошироката јавност, организирани во периодот од 18-23 јуни 2018 низ Република Македонија.